# CONCEPTUAL - EDUCATIONAL FUNCTION OF THE STUDENT DORMITORY IN THE PROCESS OF COMPREHENSIVE FORMATION OF THE STUDENT'S PERSONALITY

**Vasilka Gjurchinovski**
OUD „Lazar Lazarevski" Veles, Republic of N. Macedonia, vasilka79@yahoo.com

**Abstract:** Changes in the society aren`t passing over the education. This changes will not pass by the teacher as a part of the educational process. The school is a specific organizational system and primarily, its aim and task is to produce an activities which will lead to high achievement and performance of students. At school students acquire knowledge, skills, and habits that will further help them in buildings their personality. All this is achieved by teacher's help, a professional person with educational and ethical qualities from one side, and the student on the other, who is part of the didactic and communication activities that are oriented towards his/her education, upbringing, social community integration and building him/her in an independent and critical person. The teachers are challenged with new assignment, they should create teaching environment offering different kinds of experiences, in order to help the students in their social, intellectual, physical and emotional development, in accordance with their age and the level of their development. Creating a positive working atmosphere in classroom is a prerequisite for a qualitative and successful implementation of the educational process. The quality of classroom climate depends on the quality of communication and interaction among participants in the educational process. And all of this affects the quality of the teaching process and the success of educational work in educational organization.
**Keywords:** student, teacher, teaching

"Teaching should be such that what is offered
is perceived as a valuable gift and not as a hard duty."
-Albert Einstein

# ИДЕЈНО-ВОСПИТНАТА ФУНКЦИЈА НА УЧЕНИЧКИОТ ДОМ ВО ПРОЦЕСОТ НА СЕСТРАНОТО ФОРМИРАЊЕ НА УЧЕНИКОВАТА ЛИЧНОСТ

**Василка Ѓурчиновски**
ОУД „Лазар Лазаревски" Велес, Република С. Македонија, vasilka79@yahoo.com

**Резиме:** Промените во општеството не го одминуваат ниту образованието. Овие промени не го одминуваат и наставникот како дел од воспитно-образовниот процес. Училиштето претставува специфичен организациски систем и пред се има за цел и задача да продуцира такви активности кои ќе доведат до високи достигнувања и резултати на учениците. Во училиштето учениците стекнуваат знаење, вештини, навики кои понатаму ќе им помогнат да се изградат во личности. Сето тоа се постигнува со помош на наставникот, кој е професионална личност, со образовни и етички квалитети и ученикот, кој е учесник во дидактичко-комуникациските активности, кои се насочени кон неговото образование, воспитание, интегрирањето во општествената заедница и градење на самостојна, независна и критичка личност. Пред наставниците се поставува нова задача, од нив се бара да создадат средина за учење што нуди најразлични доживувања, со што ќе им се помогне на учениците да се развијат социјално, интелектуално, физички и емоционално, соодветно на возраста и степенот на нивниот развој. Креирањето на позитивна работна атмосфера во училницата е еден од предусловите за квалитетно и успешно реализирање на воспитно-образовниот процес. Од квалитетот на работната атмосфера зависи и квалитетот на комуникација и интеракција меѓу учесниците во воспитно-образовниот процес. А сето тоа влијае и на квалитетот на наставниот процес и успешноста на воспитно-образовната работа во воспитно-образовната организација.
**Клучни зборови**: ученик, наставник, настава

„Учењето треба да биде такво, да она што е понудено
да се сфати како вреден подарок, а не како напорна должност."
-Алберт Ајнштајн

## 1. ВОВЕД

Поставувајќи ја како проблем идејно-воспитната функција на ученичкиот дом, мора да истакнеме дека во севкупната воспитно-образовна работа, оваа компонента претставува специфичност и една од најсложените и чувствителни задачи. Таа претставува формирање на лик на ученикот, неговото поведение, неговиот поглед кон светот, неговата психологија што секако е долг, тежок и сложен процес. Прашањето за идејно-воспитната функција на воспитно-образовната работа во ученичкиот дом претставува една централна точка што ги поврзува сите активности, подрачја и структурни елементи на ученичкиот дом. Програмските содржини имплицинтно го содржат овој елемент, но непосредни носители и учесници во воспитувањето и обликувањето на учениковата личност се воспитувачите во ученичкиот дом и наставниците во училиштето. Во ученичкиот дом во целина е почитуван моментот на кохерентност и поврзаност на идејно-воспитната функција и влијанието на содржините врз формирањето на личноста на ученикот и на младата генерација воопшто. Според тоа, можеме да зборуваме за ученички дом, во кој се интегрирани идејно-воспитните, воспитно-образовните и другите задачи со една цел-сестрано формирање на учениковата личност.

## 2. ИДЕЈНОСТА И ВОСПИТНОСТА КАКО КОМПОНЕНТИ НА НАСТАВАТА

Идејноста и воспитноста како компоненти на наставата, мораме да ги сфатиме во нивната суштина, во нужното и дијалектичкото единство, бидејќи тие како нишка се провлекуваат во севкупниот воспитно-образовен процес.Иако програмските содржини претставуваат основа за идејно-воспитното влијание и формирање на ученикот, сепак во пракса тие сами по себе не можат да влијаат идејно и воспитно, ако воспитувачот не реагира и не постапува воспитно. Неопходно е во идејно-воспитното влијание воспитувачот диференцирано да постапува во согласност со развојните можности на учениците и степенот на нивното критичко мислење. Воспитувачот мора да се труди идејно-воспитните квалитети на наставата да ги прави достапни за учениците. Во идејно-воспитната функција на воспитно-образовната работа на ученичкиот дом влегуваат и елементите: воспитување на чувство за живот во колективна заедница, на творештво, на слобода на мислење и сл.

Идејно-воспитната функција на ученичкиот дом доаѓа до израз преку реализација на програмските содржини. Воспитувачот во ученичкиот дом, како носител на дејноста, делува и воспитно и идејно, притоа формирајќи идејно-воспитно позитивно влијание кај учениците. Идејно-воспитната работа и нејзината реализација во ученичкиот дом зависи од повеќе фактори:

- образованието на воспитувачот
- перманентно стручно и педагошко усовршување на воспитувачот
- високо изградена свест и морална зрелост на воспитувачот, како реализатор на идејно-воспитната функција на ученичкиот дом

Неслучајно при избор за прием на воспитувач во ученички дом, согласно член 33 од Закон за ученички стандард (Сл.весник бр.52/05 од 04.07.2005) „Воспитувач во ученичкиот дом може да биде лице кое завршило соодветни додипломски студии на факултет, стекнал звање "Bachelor" и има положено стручен испит. Воспитувачи во ученичките домови можат да бидат и лица кои завршиле додипломски студии на факултет, стекнале звање "Bachelor" и педагошка, психолошка и методска подготовка на соодветни факултети и имаат положено стручен испит.“

Поаѓајќи од тоа дека суштината на идејно-воспитната функција на ученичкиот дом не е само во тоа да воспитува и формира одредено поведение, туку, пред се да формира позитивен став кон сегашноста и иднината, се наметнува потребата за интензивирање на активноста во овој правец, бидејќи идејно-воспитната функција не може да се сфати поинаку освен како фундаментално прашање на ученичкиот дом.Во оваа смисла, говорејќи за идејно-воспитната функција на ученичкиот дом, ние говориме за едно суштинско прашање, односно за идејна компонента која низ занимањата во Домот, треба да ја остварува и воспитната страна која го одрзаува односот на ученикот кон самиот себе, кон пошироката општествена заедница, кон светот и сл.

## 3. МЕСТОТО И УЛОГАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Во градењето на концептот и физиономијата на ученичкиот дом, учениковата личност е посебно значајна и актуелна. Таа произлегува не само од карактерот на новите општествени односи и од потребата за нивен поадекватен натамошен развој, од општествената положба и улога на секој поединец во нив, туку и од определени психолошки, гносеолошки, онтолошки и други причини, односно од современите педагошко-дидактички принципи и барања што треба да бидат реализирани во воспитно-образовната дејност воопшто. Сите тие се суштински и на некој начин се имплицираат врз организациската клима и култура во

ученичкиот дом, го условуваат активниот и свесен однос на ученикот во воспитно-образовниот процес и неговата положба во него, а со тоа се нагласува потребата за менување на улогата и односите на субјектите во ученичкиот дом-воспитувачите и учениците. Заради развивање на ученичката иницијатива, самостојност, свесна дисциплина и одговорен однос кон учењето, се јавува и нужност од формирање на Домска зедница во ученичкиот дом. Домската заедница како највисок орган на ученичкото здружување е составена од сите воспитаници кои на демократски принцип избираат свое раководство, комисии кои ќе работат според изготвени програми кои во себе ќе ги содржат сите прашања поврзани со животот и работата на воспитаниците во домот. Воспитниот персонал ја помага работата на Домската заедница со инструктивно-советодавна помош овозможува услови за непречена самостојна работа. Потребата за осовременување на содржините, организацијата и работата во ученичкиот дом, формите и методите на воспитно-образовната работа, ја акцентира потребата за подоследно остварување на субјектната позиција на учениковата личност.

## 4. УЛОГАТА НА ВОСПИТУВАЧОТ ВО ПРОЦЕСОТ НА СЕСТРАНО ФОРМИРАЊЕ НА УЧЕНИКОВАТА ЛИЧНОСТ

Воспитанието е општествена комуникација во која се остварува телесна комуникација и во него се потпира личноста на личност. Со оглед на тоа што, во воспитната интеракција важно место завзема влијанието на воспитувачот и воспитаникот, особено се важни барањата кои се поставуваат на личноста на воспитувачот во процесот на сестраното формирање на учениковата личност.

Воспитувачот е оној фактор кој системски и плански треба да придонесе за адекватно изградување на учениковата личност. Тој како организатор и раководител на воспитно-образовниот процес во ученичкиот дом може успешно да ја оствари својата улога и функција доколку:

- ги знае условите во кои ученикот живее;
- ја познава положбата на ученикот во воспитно-образовниот процес;
- ги познава особеностите на учениковата личност, карактеристични за неговиот психофизички равој;
- постапува неселективно со секој ученик без исклучок и се воздржува од секакво омаловажување.

Суштината на непосредниот однос помеѓу воспитувачот и воспитаникот, од психолошко-социјален аспект, се состои во тоа што воспитувачот е потребно да ја запознае личноста на ученикот, да го сфати неговото мислење, да ги запознае неговите тешкотии кои го оптоваруваат и соодветните влијанија на средината во која живее . Правилните согледувања за положбата на воспитаникот, како што се возраста, односите во семејството, знаењето и поранешното искуство, когнитивната, мотивационата и емоционаланата развиеност, општествените односи се основен фактор за севкупното развивање на учениковата личност, а особено за нејзиното формирање и развивање како свесен, слободен, активен и одговорен субјект.

## 4. ЗАКЛУЧОК

- Идејно-воспитната функција на ученичкиот дом во процесот на сестраното формирање на учениковата личност претставува стратешко прашање и сложена задача во настојувањето за поинтензивно идејно-воспитно влијание и формирање на маладата личност, бидејќи тоа обезбедува единство и во свеста, и во акцијата и во поведението.
- Меѓусебниот однос на учениците и воспитувачите во ученичкиот дом, како воспитно-образовна организација, треба да биде заснован врз почитување на учениковата личност и активното вклучување на ученикот во животот и работата на Домот како субјект кој се изградува и оспособува за позитивно менување на средината и самиот себе.
- Образованието на воспитувачот, неговото континуирано и квалитетно стручно и педагошко усовршување, неговата високо изградена свест и неговата морална зрелост, како реализатор на идејно-воспитната функција на ученичкиот дом се од суштинско значење за постигнување на високи стандарди за учење на секој ученик, а истовремено се клучни фактори од кои зависи идејно-воспитната работа и нејзината реализација во ученичкиот дом .

## ЛИТЕРАТУРА

Атанасоска, Т. (2008). *Менаџирање во училница*, Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Педагошки факултет, 130.

Билински, Х. (2015). Предизвиците во образовниот процес во XXI век: Воспитанието како основа на современото обрзаование, Меѓународна ревија на трудови, Битола: Центар за локални иницијативи, 119-122.

Гоцевски, Т. (1997). *Образовен менаџмент: Каков менаџер му е потребен на образованието*, Куманово: Македонска ризница, 373.

Дамјановски, А., Копровски, Љ. (1971). *Воспитната функција на училиштето*, Скопје: Просветно дело.

Ѓурчиновски, В. (2015). Компетенциите и професионалниот развој на учителот во XXI век: Менаџерските компетенции на воспитувачот како фактор за ефективно и ефикасно извршување на воспитно-образовната работа во ученичкиот дом, Зборник на трудови, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Факултет за образовни науки, 61-65.

Ѓурчиновски, В. (2016). Магистерски труд: Планирање на педагошко-инструктивната работа, фактор за ефикасно и ефективно работење на ученичкиот дом, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“.

Закон за ученички стандард (2005). Службен весник на РМ бр.25/05.

Петрова-Ѓорѓева, Е. & Коцев, М. (2016). Филко: Воспитната функција на училиштето во современото општество, Зборник на трудови, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Филолошки факултет , 699-705.

Пивац, Ј. (1981). *Одгојно-образовни процес и самоуправљање*, Загреб: Педагошко-књижевни збор наставника.

Попоски, К. (1997). *Психолошки основи на современата настава*, Скопје: Просветно дело.

Прентон, К. & Јанкуловска, С. (2009). *Настава и учење на 21 век*. Скопје, 108.

Ристевска, С. (1998). *Односот на наставникот кон личноста на ученикот*, Скопје: Педагошки завод на Македонија.

Gjurchinovski, V. & Rakovska, I. (2016). The teacher of the future: The role of students and educators in the educational work of the student’s dormitory as an organizational system, International Journal, Skopje: Institute of Knowledge Management, 21-23.